# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛИКВИДНОСНИОТ РИЗИК

(1) Со оваа политика се пропишува методологијата за управување со ликвидносниот ризик со која се определуваат опфатот и елементите на управувањето со ликвидносниот ризик.

(2) Оваа Политика за управување со ликвидносниот ризик ги опфаќа следните елементи:

1) Постапка и правила за утврдување и следење на стапката на покриеност со ликвидност;
2) утврдувањето и одржувањето соодветно ниво на ликвидност;
3) воспоставувањето и редовното ревидирање на планот за управување со ликвидносниот ризик во вонредни услови;
4) Организациска структура за управување со ликвидносниот ризик;
5) Постапки и процедури на внатрешна контрола и ревизија;
6) Информативен систем;
7) Стрес-тестирање;

(3) Одржувањето на соодветно ниво на ликвидност Штедилницата извршува со:

1) Планирање и управување со приливите и одливите на парични средства ;
2) Воспоставување и одржување на соодветна  рочна структура на активата и пасивата ;
3) Користење на претпоставките за очекувана резидуална рочност;
4) Утврдување и следење на концентрација кај изворите на средства;
5) Одржување на стапките на покриеност со ликвидност пропишани со одлуките на НБРСМ
6) Утврдување и следење на интерните ликвидносни показатели.